Službeni vesnik SR
Makedonije

91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 3 ноември 1978

БЕЛГРАД

БРОЈ 59 ГОД. XXXIV

Цена на овој број е 12 динари. — Претплатата за 1978 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671: Телекс 11756

**897.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ЗА ОБЕМОТ И НАМЕНИТЕ НА ДОДАТНИТЕ ОБРТНИ СРЕДСТВА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

Се прогласува Законот за начинот на обезбедување, за обемот и намените на додатните обртни средства за определени организации на здружен труд во Социјалистичка Република Црна Гора, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 31 октомври 1978 година.

ПР бр. 746
31 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

## ЗАКОН

### ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ЗА ОБЕМОТ И НАМЕНИТЕ НА ДОДАТНИТЕ ОБРТНИ СРЕДСТВА ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

Член 1

Народната банка на Југославија, преку Народната банка на Црна Гора, ќе им одобри на банките во 1978 година додатни кредити за обртни средства на стопанството на Социјалистичка Република Црна Гора во износ од 600,000.000 динари.

Член 2

Народната банка на Југославија ќе ги претвори во долгорочен кредит средствата на искористените краткорочни кредити во износ од 200,000.000 динари, одобрени врз основа на точка 5 став 1 под 5) на Основите на заедничката кредитно-монетарна политика во 1975 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 4/75, 13/75, 25/75, 35/75, 43/75 и 59/75) на организациите на здружен труд — корисници на тие кредити за кредитирање на производството и залихите на производи во областите и гранките на стопанството на територијата на Социјалистичка Република Црна Гора што, според одредбите од Глава II, оддел 4 на Резолуцијата за основите на заедничката политика на економскиот и социјалниот развој на Југославија во 1975 година, се утврдени како приоритетни, според книговодствената состојба на тие кредити на 31 декември 1978 година.

Член 3

Кредитите од чл. 1 и 2 на овој закон Народната банка на Југославија ќе им ги даде на банките со рок на враќање од 30 години и со одлагање на рокот на враќање за пет години, со камата по стапка од 3% годишно наназад, која втасува за плаќање заедно со отплатата на кредитите.

Кредитите од став 1 на овој член банката ќе ги отплатува во 30 еднакви годишни рати, што втасуваат за плаќање на 31 март секоја година. Првата рата втасува за плаќање на 31 март 1984 година.

Член 4

Каматната стапка по која банките им даваат кредити на организациите на здружен труд од средствата на кредитите според овој закон не може да биде поголема од 3,5% годишно наназад.

Член 5

Поблиските намени за кои ќе се даваат кредитите од чл. 1 и 2 на овој закон ги утврдува надлежниот орган на Социјалистичка Република Црна Гора, во согласност со Општествениот план на Црна Гора за периодот од 1976 до 1980 година и со Резолуцијата за политиката на остварување на Општествениот план на Социјалистичка Република Црна Гора од 1976 до 1980 година во 1978 година.

Член 6

Народната банка на Црна Гора ќе склучи со организациите на здружен труд договори за кредитите и за плаќањето на каматата од член 4 на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

**898.**

Врз основа на член 337 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗРАБОТКА И ПРОДАЖБА НА ПРИГОДНИ ЗЛАТНИ И СРЕБРЕНИ КОВАНИ ПАРИ ВО ПОВОД ОДРЖУВАЊЕТО НА VIII МЕДИТЕРАНСКИ ИГРИ — СПЛИТ 1979 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изработка и продажба на пригодни златни и сребрени ковани пари по повод

одржувањето на VIII медитерански игри — Сплит 1979 година, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Соборот на републиките и покраините од 31 октомври 1978 година.

ПР бр. 745
31 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

Претседател
на Собранието на СФРЈ,
**Драгослав Марковиќ**, с. р.

# ЗАКОН

## ЗА ИЗРАБОТКА И ПРОДАЖБА НА ПРИГОДНИ ЗЛАТНИ И СРЕБРЕНИ КОВАНИ ПАРИ ПО ПОВОД ОДРЖУВАЊЕТО НА VIII МЕДИТЕРАНСКИ ИГРИ — СПЛИТ 1979 ГОДИНА

Член 1

Народната банка на Југославија ќе издаде, по повод одржувањето на VIII медитерански игри — Сплит 1979 година, пригодни златни и сребрени ковани пари (во натамошниот текст: пригодни пари).

Пригодните златни ковани пари ќе се издадат во апоени од 5.000, 2.500, 2.000 и 1.500 динари.

Пригодните сребрени ковани пари ќе се издадат во апоени од 400, 350, 300, 250, 150 и 100 динари.

Член 2

Народната банка на Југославија ќе ги издаде пригодните пари во вкупен износ од 340.000.000 динари, и тоа пригодните златни ковани пари во износ од 270,000.000 динари, а пригодните сребрени ковани пари во износ од 70,000.000 динари.

Член 3

Основните обележја на пригодните пари ќе ги утврди Народната банка на Југославија во согласност со Сојузниот извршен совет.

Член 4

Пригодните пари, што Народната банка на Југославија ги издава според одредбите од овој закон, можат да се изработуваат кај специјализираните организации во земјата.

Специјализираната организација што ќе ги изработува пригодните пари ќе ја определи, на предлог од Дирекцијата на VIII медитерански игри — Сплит 1979 година, Народната банка на Југославија.

Член 5

Народната банка на Југославија ќе врши контрола во поглед на количествата и квалитетот на изработените пригодни пари.

Член 6

Работите што се однесуваат на организацијата на продажбата на пригодните пари во земјата и во странство ќе ги врши Дирекцијата на VIII медитерански игри — Сплит 1979 година.

Дирекцијата на VIII медитерански игри — Сплит 1979 година може организацијата на продажбата на пригодните пари во земјата и во странство да ѝ ја довери на домашна организација на здружен труд.

Член 7

Народната банка на Југославија ќе се грижи за тоа учесниците во финансирањето на изработката и продажбата на пригодните пари навремено да обезбедат средства за покритие на трошоците за изработка и продажба на пригодните пари.

Член 8

Приходот остварен со продажбата на пригодните пари ќе се користи за покритие на трошоците за одржување на VIII медитерански игри — Сплит 1979 година.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

---

**899.**

Врз основа на член 12 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/77), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 20 октомври 1978 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ФУНКЦИИТЕ ВО ГРУПИТЕ НА ФУНКЦИИТЕ И ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КОЕФИЦИЕНТИТЕ

1. Во Одлуката за распоредување на функциите во групите на функциите и за определување на коефициентите („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/77) во точка 1, во третата група на функциите, по осмата алинеја се додава нова алинеја која гласи:

„генерален директор на Сојузниот завод за општествено планирање;".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 120-27/77-03
20 октомври 1978 година
Белград

**Административна комисија на Собранието на СФРЈ**

Претседател,
**Рајко Гаговиќ**, с. р.

---

**900.**

Врз основа на член 1036 став 2 точка 11 од Законот за поморската и внатрешната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/77), Сојузниот комитет за сообраќај и врски издава

# НАРЕДБА

## ЗА КАТЕГОРИИТЕ НА ПЛОВИДБАТА НА ПОМОРСКИТЕ БРОДОВИ

1. Поморски брод, зависно од својата големина, конструкција, уреди и опрема и други технички услови утврдени со извршениот технички надзор спо-

ред одредбите на чл. 41 до 111 од Законот за поморската и внатрешната пловидба, може да плови во границите на една од следните категории на пловидба, и тоа:

1) неограничено подрачје на пловидба или долга пловидба;

2) голема крајбрежна пловидба;

3) мала крајбрежна пловидба;

4) пловидба по Јадранското море;

5) пловидба по крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

6) пловидба по делумно мирни мориња;

7) пловидба по заштитени мориња;

8) пловидба во затворени морски подрачја.

2. Категориите на пловидбата од точка 1 на оваа наредба ја опфаќаат пловидбата во следните граници на пловидбата, и тоа:

1) неограничено подрачје на пловидбата или долга пловидба — пловидба по сите мориња и води што се пристапни од море;

2) подрачје на голема крајбрежна пловидба — пловидба по мориња што се наоѓаат помеѓу Гибралтарската и Баб-ел — Мандепската теснина, и тоа помеѓу линијата што ги спојува луката Кадиз и луката Казабланка и меридијанот што минува по луката Аден, вклучувајќи ги Црно Море, Азовско Море и водите што се влеваат во сите припаѓачки мориња;

3) подрачје на мала крајбрежна пловидба — пловидба по Јадранското Море, делум по Јонското Море, ограничено: спрема запад до р'тот Санта Мариа ди Леука, а спрема исток до р'тот Катаколон, вклучувајќи ги и луката Катаколон, јонските острови и заливите: Патраски, Коринтски со каналот и Атински до линијата што ги спојува р'товите Колона и Скили, и водите што се влеваат во тие мориња;

4) подрачје на пловидба по Јадранското Море —пловидба по Јадранското Море, до линијата што го спојува р'тот Санта Мариа ди Леука со р'тот Кефали на островот Крф и р'тот Скала кај Бутрински Залив во Албанија, исклучувајќи ги територијалните мориња на соседните земји;

5) подрачје на пловидба по крајбрежното море на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — пловидба по тоа море како што е тоа утврдено со Законот за крајбрежното море, надворешниот морски појас и епиконтиненталниот појас на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/65, 25/70 и 21/74);

6) подрачје на пловидба делумно по мирни мориња — пловидба по внатрешни морски води како што се тие утврдени со Законот за крајбрежното море, надворешниот морски појас и епиконтиненталниот појас на Југославија, освен во заливите Кварнер и Кварнериќ во време од 1 ноември до 31 март;

7) подрачје на пловидба во заштитени мориња — пловидба во подрачја во кои бродот може секогаш да се засолни во сигурна лука или сидриште, и тоа: Задарски Канал, Пашмански Канал, Муртерски Канал, Шибенски Канал, Хварски Канал, Брачки Канал, Неретвански Канал, Стонски Канал и Колочепски Канал;

8) подрачје на пловидба во затворени морски подрачја — пловидба по затворени води, како што се Лимски Залив, залив Раша, Прокљанско Езеро, Каштелански Залив, залив Клек-Неум, река Неретва, Риека Дубровачка, залив Бока Которска и Скадарско Езеро.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за категориите на пловидбата на поморските бродови („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/65).

4. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

V/2 Бр. 3320
28 септември 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

**901.**

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ MODURETIC ТАБЛЕТИ À 12 ПАРЧИЊА, СЕРИЈА БРОЈ 171878, ПРОИЗВОД НА ТОВАРНА ФАРМАЦЕВТСКИХ ИН КЕМИЧНИХ ИЗДЕЛКОВ „ЛЕК" — ЉУБЉАНА

1. Се повлекува од промет лекот Moduretic таблети à 12 парчиња, серија број 171878, производ на Товарна фармацевтских ин кемичних изделков „Лек" — Љубљана, што е пуштен во промет спротивно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3443
25 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
труд, здравство и социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**902.**

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ PENTREXYL КАПСЛИ À 16 × 500 mg, КОНТРОЛЕН БРОЈ 776772, ОД ДЕКЕМВРИ 1977 ГОДИНА, ПРОИЗВОД НА ООУР ФАБРИКА ЛЕКОВА „ГАЛЕНИКА" — ЗЕМУН

1. Се повлекува од промет лекот Pentrexyl капсли à 16 × 500 mg, контролен број 776772 од декември 1977 година, производ на ООУР Фабрика лекова „Галеника" — Земун, што е пуштен во промет противно на одредбите од Законот за пуштање лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 05-3444
25 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита,
**Светозар Пепоски**, с. р.

**903.**

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ". бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ЛЕКОТ BISOLVON SOL., СЕРИЈА БР. 027814, 027815, 037829, 067841, 067842 067845, 067849 И 067851, ПРОИЗВОД НА ФАБРИКА ФАРМАЦЕУТСКИХ И ХЕМИЈСКИХ ПРОИЗВОДА „ЗДРАВЉЕ" — ЛЕСКОВАЦ

1. Се повлекува од промет лекот Bisolvon sol., серија бр. 027814, 027815, 037829, 067841, 067842, 067845, 067849 и 067851, производ на Фабрика фармацеутских и хемијских производа „Здравље" — Лесковац, што е пуштен во промет спротивно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3445
25 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита,
**Светозар Пепоски**, с. р.

**904.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ" бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА СПОЈНИ ЕЛЕМЕНТИ И АЛАТИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за спојни елементи и алати, што ги имаат следните називи и ознаки:

| | |
|---|---|
| 1) Подлошки за завртки со шестострана глава и шестострана навртка. Класа на изработката А — — — | JUS M.B2.011 |
| 2) Подлошки за завртки со шестострана глава и шестострана навртка. Класа на изработката С — — — | JUS M.B2.012 |
| 3) Подлошки за завртки со цилиндрична глава. Класа на изработката А — — — — — — — — | JUS M.B2.013 |
| 4) Подлошки со дијаметар на навојот D ≈ 3d. Класа на изработката А и С — — — — — — — — — | JUS M.B2.014 |
| 5) Еластични подлошки. Технички услови за изработка и испорака — | JUS M.B2.100 |
| 6) Еластични завојни подлошки со свиткани и рамни краеви — — — | JUS M.B2.110 |
| 7) Еластични завојни подлошки за завртки со цилиндрична глава — — | JUS M.B2.111 |
| 8) Еластични подлошки за поголеми напрегања, лачни и брановидни | JUS M.B2.113 |
| 9) Подлошки. Технички услови за изработка и испорака — — — — | JUS M.B2.135 |
| 10) Еластични подлошки, лачни и брановидни — — — — — — — | JUS M.B2.136 |
| 11) Подлошки со наставка. Класа на изработката А — — — — — | JUS M.B2.142 |
| 12) Еластични запчести подлошки | JUS M.B2.150 |
| 13) Еластични лепезести подлошки | JUS M.B2.151 |
| 14) Геометрија на резен дел на алат за режење. Општи поими, термини и дефиниции — — — — — | JUS M.A2.010 |

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Освен југословенскиот стандард JUS M.A2.010 чие применување не е задолжително, југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни, а ќе се применуваат врз елементите за спојување што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Подложни плочички со шестострани навртки и вијци со шестострана глава — — — — — — | JUS M.B2.011 |
| Подложни плочички со шестострани навртки и вијци со шестострана глава, необработени — — | JUS M.B2.012 |
| Подложни плочички за вијци со цилиндрична и полутркалеста глава и сворњаци — — — — — — — | JUS M.B2.013 |

донесени со Решението за југословенските стандарди за подложни плочички, чивии и расцепки („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/52);

| | |
|---|---|
| Подложни плочки и подложни плочки за осигурување. Толеранции | JUS M.B2.135 |
| Федерни подложни плочки за осигурување — — — — — — | JUS M.B2.136 |
| Подложни плочки за осигурување со продолжеток — — — — — — | JUS M.B2.142 |
| Запчести подложни плочки за осигурување — — — — — — | JUS M.B2.150 |

Лепезести подложни плочки за осигурување — — — — — — — JUS M.B2.151
донесени со Решението за југословенските стандарди за подложни плочки за осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/58);

Подложни плочки. Надворешен пречник ≈ 3 × пречникот на дупката JUS M.B2.014
донесен со Решението за југословенските стандарди за подложни плочки, прстенести вскочници и штауфер мачкалки („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/59);

Завојни еластични подлошки за општи цели. Технички услови за изработка и испорака — — — — JUS M.B2.100

Завојни еластични подлошки за општи цели. Форма и мери — — — JUS M.B2.110
донесени со Решението за југословенските стандарди за завојни еластични подлошки за потребите на југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/70);

Завојни еластични подлошки за општи цели, за виши напрегања. Форма и мери — — — — — — JUS M.B2.113
донесен со Решението за југословенските стандарди за еластични подлошки и за зглобни врски за потребите на југословенските железници („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/70).

Член 5

Овој правилник влегува во сила на 1 јануари 1981 година.

Бр. 14-16620/1
16 октомври 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**905.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА РАДИОКОМУНИКАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за радиокомуникации, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Радиокомуникации. Карактеристики на ТВ системи — — — — JUS N.N6.011

2) Радиокомуникации. Предаватели. Методи на мерење. Општи услови — — — — — — — — JUS N.N6.320

3) Радиокомуникации. Предаватели. Методи на мерење на зачестеноста — — — — — — — — JUS N.N6.321

4) Радиокомуникации. Предаватели. Методи на мерење на излезната моќност — — — — — — — JUS N.N6.322

5) Радиокомуникации. Предаватели. Методи на мерење на моќноста на напојување, на вкупниот фактор на моќност и на степенот на искористување — — — — — — — — — JUS N.N6.323

6) Радиокомуникации. Предаватели. Методи на мерење на телевизиските предаватели и претворувачи. Дефиниции, испитни сигнали и општи мерни услови — — — — — JUS N.N6.360

7) Радиокомуникации. Предаватели. Методи на мерење на телевизиските предаватели и преобразувачи. Општи карактеристики — — — — JUS N.N6.361

8) Радиокомуникации. Предаватели. Методи на мерење на телевизиските предаватели и преобразувачи. Стабилност на телевизискиот сигнал на сликата — — — — — — — JUS N.N6.362

9) Радиокомуникации. Предаватели. Методи на мерење на телевизиските предаватели и претворувачи. Одзив на испитните сигнали — — — JUS N.N6.363.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила шеесетиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 15-16624/1
16 октомври 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**906.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕЛЕКТРОИЗОЛАЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЗА КООРДИНАЦИЈА НА ИЗОЛАЦИЈАТА ВО ВИСОКОНАПОНСКИТЕ ПОСТРОЈКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за електроизолациони материјали и за координација на изолацијата во високонапонски постројки, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Хартија за електротехника. Мерење на средниот вискозиметриски степен на полимеризација на хартијата пред и по стареењето — — — — JUS N.A8.110

2) Изолациони материјали врз база на сложен момирок или врз база на обработена хартија од момирок. Основни испитувања — — — — — JUS N.A8.402

3) Координација на изолацијата во високонапонските постројки — — JUS N.B0.030

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард JUS N.B0.030 е задолжителен во целост, а ќе се применува врз координацијата на изолацијата во високонапонски постројки чија изградба ќе биде започната од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Применувањето на југословенските стандарди JUS N.A8.110 и JUS N.A8.402 не е задолжително.

Член 4

Престанува да важи Решението за југословенскиот стандард за високонапонски постројки („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/70).

Член 5

Решението за југословенскиот стандард од член 4 на овој правилник престанува да важи со денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила петнаесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 15-16627/1
16 октомври 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 907.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА ЛИМЕНКИ ЗА КОНЗЕРВИРАЊЕ НА ХРАНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за лименки за конзервирање на храна, што ги има следниот назив и ознака:

Лименки за конзервирање на храна. Округли цилиндрични лименки за месо. Капацитети на лименки со номинален дијаметар од 99 mm JUS M.Z2.029.

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е составен дел од овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник е задолжителен во целост, а ќе се применува врз лименките за конзервирање храна — округли цилиндрични лименки за месо што ќе се произведат, односно увезат, од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Престанува да важи југословенскиот стандард: Амбалажа од бел лим. Тркалести лименки за пакување на преработки од месо. Стандардна серија — JUS M.Z2.035 донесен со Решението за југословенските стандарди за лименки за месо, овошје и зеленчук („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/58).

Член 5

Југословенскиот стандард од член 4 на овој правилник престанува да важи со денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 11-16625/1
16 октомври 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

## 908.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА НАПОНСКИ ТРАНСФОРМАТОРИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за напонски трансформатори што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Напонски трансформатори. Општи технички услови и испитувања — JUS N.H9.121

2) Напонски трансформатори за мерење. Дополнителни технички услови и испитувања — — — — — JUS N.H9.122

3) Напонски трансформатори за заштита. Дополнителни технички услови и испитувања — — — — — JUS N.H9.123.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел на овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз напонските трансформатори што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила деведесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 15-16623/1
16 октомври 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**909.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ИНДУСТРИСКИ ДИГАЛКИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за индустриски дигалки што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Индустриски дигалки. Составување упатство за ракување и одржување на дигалки — — — — — JUS M.D1.005
2) Индустриски дигалки. Прашален лист за дигалки. Образец — — JUS M.D1.006.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила триесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 14-16622/1
16 октомври 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**910.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА АЕРОСОЛ-АМБАЛАЖА И АЕРОСОЛ-ПАКУВАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за аеросол-амбалажа и аеросол-пакувања, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Аеросол-амбалажа. Еднodelен алуминиумски сад со отвор 25,4 mm JUS Z.M9.010
2) Аеросол-амбалажа. Тroделен сад од бел лим — — — — — — JUS Z.M9.011
3) Аеросол-амбалажа. Определување на зафатнината на садот и зафатнината на пакувањето — — — JUS Z.M9.012
4) Аеросол-амбалажа. Определување на отпорноста спрема внатрешниот притисок — — — — — — JUS Z.M9.013
5) Аеросол-амбалажа. Методи за испитување на квалитетот на внатрешниот лак — — — — — — JUS Z.M9.014
6) Аеросол-амбалажа. Вентил со чинија за аеросол-садови, со отвор 25,4 mm — — — — — — — — JUS Z.M9.015
7) Аеросол-пакување. Општи одредби и испитувања — — — — — JUS Z.M9.050.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз аеросол-амбалажата и аеросол-пакувањата што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 13-16626/1
16 октомври 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**911.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОПКОВИ ЗА ГРАДЕЖНА СТОЛАРИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за опкови за градежна столарија, што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Опкова за градежна столарија. Брава за метална врата со отвор за цилиндрична влошка и лост со широчина од 25 30 и 40 mm, универзална. Облик и мерки — — — — — — JUS M.K3.021

2) Опкова за градежна столарија. Брава за метална врата со отвор за

цилиндрична влошка и валчест јазик, со широчина од 25,30 и 40 mm, универзална. Облик и мерки — — — — JUS M.K3.022

3) Опкова за градежна столарија. Брава за метална врата со отвор за цилиндрична влошка и јазик, со широчина од 25 и 40 mm, универзална. Облик и мерки — — — — — — JUS M.K3.034

4) Опкова за градежна столарија. Цилиндрична влошка за брави. Облик и мерки — — — — — — JUS M.K3.035

5) Опкова за градежна столарија. Вртлива спојница (шарка) за врати JUS M.K3.090

6) Опкова за градежна столарија. Спојница за уертување. Облик и мерки — — — — — — — — JUS M.K3.091

7) Опкова за градежна столарија. Вртлива спојница (шарка) за прозорци. Облик и мерки — — — — JUS M.K3.220

8) Опкова за градежна столарија. Вртлива спојница (шарка) за алуминиумски прозорци — — — — — JUS M.K3.222

9) Опкова за градежна столарија. Бравичка за метални врати со резе и отвор за цилиндрична влошка со широчина 25 и 40 mm, универзална. Облик и мерки — — — — — — JUS M.K3.270

10) Опкова за градежна столарија. Бравичка за метални врати со јазик, со широчина од 25 и 40 mm, универзална. Облик и мерки — — — — JUS M.K3.271

11) Опкова за градежна столарија. Бравичка за метални врати со валчест јазик, со широчина од 25 и 40 mm, универзална. Облик и мерки — — JUS M.K3.272.

Член 2

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се составен дел од овој правилник, а се објавуваат во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Југословенските стандарди од член 1 на овој правилник се задолжителни во целост, а ќе се применуваат врз опковите за градежна столарија што ќе се произведат, односно увезат од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 4

Престануваат да важат југословенските стандарди:

Оков за градежна столарија, цилиндрична влошка за брава со вијак JUS M.K3.035

Оков за градежна столарија. Шарки за врата — — — — — — — JUS M.K3.090

Оков за градежна столарија. Шарки за прозорци — — — — — — JUS M.K3.220

донесени со Решението за југословенските стандарди за оков за градежна столарија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/61).

Член 5

Југословенските стандарди од член 4 на овој правилник престануваат да важат со денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила шеесеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 11-16621/1
16 октомври 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**912.**

Врз основа на чл. 115 и 129 став 2 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77), Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОВИТЕ ЗА НАПЛАТУВАЊЕ НА ИЗВЕЗЕНИ СТОКИ, ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ И ПОБАРУВАЊА ПО ДРУГИ ОСНОВИ И НА РОКОТ ЗА УВОЗ НА ПЛАТЕНИ СТОКИ

1. Во Одлуката за условите за продолжување на роковите за наплатување на извезени стоки, извршени услуги и побарувања по други основи и на рокот за увоз на платени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 37/77) во точка 1 став 1 зборовите: „од член 113" се заменуваат со зборовите: „од чл. 113, 129 и 135".

2. Во точка 2 во основната одредба зборовите: „од член 113" се заменуваат со зборовите: „од чл. 113 и 129".

Во одредбата под 10 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат четири нови одредби, кои гласат:

„11) ако наплатата е извршена со чек и чекот и е предаден на овластената банка на наплата;

12) ако со договорот е предвидена привремена цена на стоките (котација, со анализа на мостра и др), па постои несогласување помеѓу купувачот и продавачот во врска со утврдувањето на конечната цена;

13) ако купувачот ставил приговор врз квалитетот на стоките, за кои не е договорено да се преземаат со квалитетен прием, а во прашање е скриена мана на стоките;

14) ако со меѓудржавен аранжман со одделна земја е договорено репрограмирање на долженьето на таа земја, со тоа што Народната банка на Југославија е должна да ги извести народните банки на републиките, односно народните банки на автономните покраини за постоењето на таквиот аранжман и за условите што тој ги содржи."

3. Во точка 3 во одредбата под 10 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат две нови одредби кои гласат:

„11) ако стоките не се оцаринети бидејќи не им одговараат на санитарните прописи;

12) ако стоките не се оцаринети бидејќи на царинарницата не и е поднесено барање за исправка на царинските документи или за ослободување од плаќање на царина."

4. По точка 3 се додава нова точка 3а, која гласи:

„3а. Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина може да го продолжи рокот за внесување на добивката

остварена со работењето на сопствено или мешовито претпријатие во странство, односно со вложување во странско претпријатие од член 135 став 4 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство:

1) ако во односната земја во која е седиштето на претпријатието не втасал рокот за изработка и предавање на билансот;

2) ако надлежниот орган на земјата во која е седиштето на претпријатието не го прифатил и заверил билансот според прописите на таа земја."

5. По точка 6 се додаваат две нови точки, кои гласат:

„6а. Општите услови пропишани во точ. 2 и 3 на оваа одлука се применуваат и врз продолжувањето на роковите за наплата, односно за увозот на платените стоки и услуги од точ. 3а, 4, 5 и 6 од оваа одлука.

6б. Народната банка на републиката, односно народната банка на автономната покраина може да ги продолжи роковите за наплата на побарувањата, односно на увозот на платените стоки и услуги и во други случаи, ако од поднесената документација ќе утврди дека причините за продолжување на рокот се оправдани."

6. Во точка 8 став 1 зборовите: „од член 113" се заменуваат со зборовите: „од чл. 113, 129 и 135".

7. Организациите на здружен труд што до денот на влегувањето во сила на оваа одлука не поднеле барање за продолжување на рокот за внесување на добивката од член 135 став 4 од Законот за девизното работење и кредитните односи со странство, тоа барање можат да го поднесат до народната банка на републиката, односно до народната банка на автономната покраина, најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 57
12 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

---

**913.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЛЕАН ЧЕЛИЧЕН ГРАНУЛАТ — МЕТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА ЧИСТЕЊЕ

1. Претставникот на производителот и претставниците на потрошувачите на 22 март 1978 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за леан челичен гранулат — метални средства за чистење, со тоа што производителската организација на здружен труд ќе може да ги зголеми своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, до 9%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 4230 од 24 октомври 1978 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителот: „Горење", „Мута" — Мута об Драви.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 24 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 245 став 5 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

За потсекретар во Сојузниот извршен совет се назначува Кадир Алијагиќ, шеф на Кабинетот на претседателот на Сојузниот извршен совет.

Е. п. бр. 786
5 октомври 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Бранислав Икониќ**, с. р.

---

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Босна и Херцеговина

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СЕРБРЕНИ ЗРАЦИ

Јеше Павла Павле; Лазичиќ Симе Татомир, Смољан Раде Владо;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Андрић Стојана Мирко, Бањац-Ђукић Пере Боса, Бсрић-Тополић Лазара Душанка, Бучек-Жубковски Михајла Бранислава, Чабрић Ђуре Зденка, Чевро Мустафе Вахдет, Ћатић-Кебо Хасана Рефика, Дилбер-Цијан Алојза Анкица, Целетовић Николе Бранко, Цидић Владимира Ковиљка, Ђурица-Самарџић Тодора Сава, Фазлић Јусуфа Фадил, Гајић-Ћулибрк Јове Милка, Јотановић Станка Милка, Каришик Николе Илија, Љубовић Алије Ахмет Мацановић Тодора Драго, Медовић-Прпа Миће Доста, Миљановић Остоје Илија, Новак Фрање Мажана, Селимхоџић Хасана Шаћира, Симић Максима Ковиљка, Трбоња-Елезовић Салиха Разија, Зец Јована Драгољуб;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Алагић Исмета Муневера, Антић-Бјеловук Симеуна Видосава, Бијавица Салке Смајо Малушић Миле Младенко, Пувача-Граховац Илије Боса, Рахимић Хусе Дерво, Тулић Хамида Зумка;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Абазовић Мустафе Мехо, Бајић Милана Љубица, Барош Николе Јово, Босиић Петра Војин, Цапудер Ловре Рудолф, Диздар Мухамеда Беќир, Диздаревић Јусуфа Мухамед, Думпор Мехе Хусо, Цафић Мехе Латиф, Цајић Данка Раде, Цачкић Авда Мустафа, Грујић Саве Љубо, Јамаковић Хамдије Мунир, Јанковић Мијата Раде, Јапунџа Ђуре Никола, Јовичић Цвијана Бошко, Калем Трифка Тодор, Казазић Ибрахима Суле, Кресо Хасан Омер Мандић Ешрефа Фарук, Матерић Вида Бранко, Милић Саве Његослав, Обрадовић Ђуре Урош Пантовић Драгомира Миодраг, Папулић Ђорђа Јован, Пашић Авда Осман, Раденковић Драгомира Миодраг, Ролих Фрање Јосип, Шанта Суље Мустафа, Штрбац Драгана Миле Штрбац Миле Симо, Швенк Вјекослава Антон, Веледар Мехмеда Салко, Вребац Васе Светко, Зец Цвије Бошко;

— за особени заслуги во развивањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана и за успеси во подигањето на воено-стручното знаење и борбената готовност на нашите граѓани

СО ОРДЕН ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ СО ЗЛАТНИ МЕЧЕВИ

Бабић Милана Богдан, Босанчић Ђуре Перо, Бубић Ђурђа Рајко, Ђукић Петра Станко, Јурић Станка Стево, Марић Матије Анте, Ракита Симе Шпиро;

—за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Дрљача Миле Рајко, Јанковић Лазе Митар, Лукић Симеуна Душан, Марчјановић Јове Драго, Мијевић Луке Милорад, Сарајлић Алије Ђевад;

—за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Бехрам Алије Мунира, Бем Ивана Ђуро, Бједић-Пезо Ахмета Илдуза, Блекић Ахмета Хајрудин, Бојанић-Рис Милоша Госпова, Бошњак Марка Марко, Церић Алије Дуда, Чапин-Пејиновић Дане Марија, Чишић Муфтић Мухамеда Хидајета, Ћенановић Мехмеда Абдурахман, Дрљевић Зулфе Мустафа, Дујмовић Фрање Иван, Ђукић Душана Даринка, Гамбелић Васе Боса, Глумчић Миће Милан, Хрвић-Бајровић Хасана Наћида, Ибришагић Авде Наим, Иванишевић-Јокишић Воје Мара, Ивковић-Абдурахмановић Хусеина Субха, Јелачић Реџе Мустафа;

Јерковић Салке Енез, Јурић Ивана Никола, Јуринчић-Банушић Адолфа Антонија, Кебо Џафера Адем, Кецман-Трнинић Драге Ксенија, Кешељ Јове Нада, Кнежић Љубоје Цвијо, Котур Лазара Стево, Кресо Мехе Шефика, Курт Мухамеда Атифа Куртагић Рашида Енвер, Лаћаревић Агана Муниб, Ласић Петра Витомир, Лечић Стевана Душан, Лукач Јове Слободан, Марјановић-Дакић Илије Душанка, Међедовић-Радошевић Васе Сава, Мехић Мехмеда Ахмет, Мехић Хасаге Хасан, Мичић Стеве Драган, Миладин Петра Свето, Миловић Саве Гоја, Митрић Данила Стојан, Муштовић Хасана Али-Риза, Новаковић Косте Мара, Окука Ђорђа Стоја, Омбашић-Хрњица Мухарема Рабија, Пантић Милана Ђурђа, Папак-Брковић Станка Злата, Пашић Бешира Халил, Перић Мате Петар, Праштало Јакова Душан, Прерад-Марчетић Светозара Невенка, Пудар Лазара Ђуро, Пузић-Шобот Вида Милева Радмановић-Недељковић Јове Борка, Рађевић Мехмеда Дервиша, Рећић-Мирица Самија, Ружић-Михић Ристе Милева, Сефо Сефера Мухамед;

Смајкић Мурата Смаил, Стоисављевић Давида Марица, Сужњевић Стојана Милан, Шатор Зулфе Омер, Шуберт Ђуре Крсто, Трифуновић-Десанчић Глигорије Вера, Тришић Лазара Перо, Видовић Раде Богдан, Вучковић-Лековић Ђуре Јелена, Вукелић Душана Грујо, Захировић Хасана Асим, Зекић Мехе Смајо;

— за залагање и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ачкар Алије Хуснија, Алајбеговић Ибрахима Ахмет Алексић Илије Рајко, Алексић Јове Симана, Алешевић Хусе Хусеин, Алијановић Салиха Химзо, Андрић-Хамовић Душана Босиљка, Андрић Јове Васо, Арнаутовић Ибрахима Нијаз, Арнаутовић Османа Вахида, Бајић-Клепић Јосипа Вера, Бајрић Мумина Салих, Бајровић Адема Нециб, Бајровић Хајре Сулејман, Бакоч Душана Благоје, Бакса Јосипа Ромео, Балић Алије Мирзија, Баришић Томе Пејо, Башагић Алије Омер, Бечић Тале Мујо, Беговић Алије Шериф, Бехарић Хакије Ибрахим, Беванда Илије Анте;

Благојевић Остоје Мирко, Бојанић Илије Драгомир, Бојић Станка Томислав, Бољанић Мијата Слободан, Борић Станка Богдан, Бркан Бечира Махмут, Бркић Хаџе Ариф, Брковић Михајла Арсен, Бубић Мухамеда Шефко, Бучук Халида Шериф, Букић Мустафе Мухарем, Буковац Ивана Владо, Булић Пере Лане, Цвијан Аћима Тодор, Цвитковић Марка Перо, Чавка Ибрахима Теофик, Челебић Ибрахима Мехмед, Чихорић Јове Недељко, Чилић Омера Авдо, Чопељ Алије Шаћир, Чуле Ивана Славко, Чустовић Рашида Алија, Ђорај Зећа Тахир, Ђорић Јакова Илија, Ђулибрк Томе Стево, Ђутковић Милоша Саво, Дакић Марјана Драго, Дебељак Анте

-Раковић Саке Марија, Грујић Јанка Риста, Хусић Османа Мехо. Хусић Ахмета Рамо, Хусковић Сулејмана Алмаса. Хусниħ Ибре Омер. Исић Салке Дервиш Калаба-Руниħ Павла Мара. Калем Пере Лазо, Калем Данила Немања, Конаков-Гргић Ивана Олга, Кунић Милана Зора,

Кузман Михе Љуба. Марић Хусе Мехо, Овчина Мустафе Емина, Пајић Ибре Мујо. Папо Хермана Ангелина Перић Мате Јаков, Пуљић Николе Марко, Рачић Саве Симо Радић Босиљка, Смајић Салке Фахра. Стајић-Цимитар Ристе Радојка, Шашковић Алије Мехмед, Шоше Халила Зулфо, Шпаго Мумина Ибро. Шуњић-Зеленика Илије Мила. Типура Дурана Ахмет. Тојага Јусуфа Ибро, Топић Раме Халил, Топић Омера Махмуд. Загорчић-Чорда Ибрахима Амира;

— за залагање и постигнати успеси во работата

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Алијагић Хасана Дедо, Баћински Теодора Славко, Балић-Билић Беже Зора, Бановић Ивана Амброж, Берона Ђуре Мирко, Бискуп Милана Мила, Блаће Јакова Миливоје. Благојевић Николе Драго, Богдановић Душана Борислав, Богојевић Јована Драган, Бокан Милана Бошко. Божић Митра Драго, Братић Мухарема Агана. Цвишић Томе Миленко, Драгојевић Алексе Петар;

Дрљача Петра Бранко, Дулић Мује Ахмет, Ђорђев Славка Олга. Ерцег-Дамјанић Светозара Љубица. Грбић Пере Гојко Грбић Пере Раде Хамзић Омера Ибро, Хазнадар Ахмета Кемал, Ичаночић Мухамеда Исмет, Јапалак Мумина Салко, Јолџић Јове Слободан, Јовановић Раденка Миливоје. Качавенда--Дрљача Миланка Даринка. Кахрић Хасана Емина, Капетановић Ахмеда Леіла, Кауриновић Анте Маријан. Кесић Марка Слободан, Кокот Душана Драгољуб Комић Мухарема Ћемал, Комић-Бешић Хусеина Хабибе. Косић Вида Драгољуб. Куновац Шпире Миленко, Литрић Омера Шукрија, Малер Стипе Звонко. Малић Стојана Рајко. Михајловић Раде Љубо. Милтер Штефана Ратко Миљуш Ратка Даница, Мујагић Нурије Зухдија. Наранчић Љубомира Душан. Новаковић Жарка Миланко, Нухановић Фехима Шабан, Поповац Богдана Ђорђе. Поровић Хусе Ремзо Просен Јозефа Славко. Рајковић Душана Марко. Ритан Рајка Милорад. Селић Хусеина Нурфет. Скендеревић Хусе Хамдија. Шалић Томе Јозо;

Тривић Митра Тодор. Вукадиновић-Липовац Иве Вјекослава;

— за заслуги и постигнати успеси во работата на општонародната одбрана

СО МЕДАЛ ЗА ВОЕНИ ЗАСЛУГИ

Абаза Мустафе Осман. Барбарић Марка Гојко. Ђорић Андрије Блаж. Дабић Јове Дамјан Дошло Војина Милан. Ђајо Салке Миралем. Ђурић Марка Милан Гавраић-Ђекић Максима Јелена Краљевић Марко Тодор Максимовић Мирослава Милан. Ондељ Пере Дражен. Османагић Наила Илијас, Спаховић Расима Саіцо.

Бр. 34
4 април 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

897. Закон за начинот на обезбедување, за обемот и намените на додатните обртни средства за определени организации на здружен труд во Социјалистичка Република Црна Гора — — — — — — — 2373
898. Закон за изработка и продажба на пригодни златни и сребрени ковани пари по повод одржувањето на VIII медитерански игри — Сплит 1979 година — — — — 2374
899. Одлука за дополнение на Одлуката за распоредување на функциите во групите на функциите и за определување на коефициентите — — — — — — — — 2374
900. Наредба за категориите на пловидбата на поморските бродови — — — — — — 2374
901. Решение за повлекување од промет на лекот Moduretic таблети à 12 парчиња, серија број 171878, производ на Товарна фармацевтских ин кемичних изделков „Лек" — Љубљана — — — — — — — 2375
902. Решение за повлекување од промет на лекот Pentrexyl капсли à 16 × 500 mg, контролен број 776772 од декември 1977 година, производ на ООУР Фабрика лекова „Галеника" — Земун — — — — — — 2375
903. Решение за повлекување на лекот Bisolvon sol, серија бр. 027814, 027815. 037829, 067841, 067842, 067845, 067849 и 067851, производ на Фабрика фармацеутских и хемијских производа „Здравље" — Лесковац — — 2376
904. Правилник за југословенските стандарди за спојни елементи и алати — — — — 2376
905. Правилник за југословенските стандарди за радиокомуникации — — — — — 2377
906. Правилник за југословенските стандарди за електроизолациони материјали и за координација на изолацијата во високонапонските постројки — — — — — — 2377
907. Правилник за југословенскиот стандард за лименки за конзервирање на храна — 2378
908. Правилник за југословенските стандарди за напопски трансформатори — — — 2378
909. Правилник за југословенските стандарди за индустриски дигалки — — — — — 2379
910. Правилник за југословенските стандарди за аеросол-амбалажа и аеросол-пакувања 2379
911. Правилник за југословенските стандарди за опкови за градежна столарија — — 2379
912. Одлука за измени и дополненија на Одлуката за условите за продолжување на роковите за наплатување на извезени стоки, извршени услуги и побарувања по други основи и на рокот за увоз на платени стоки — — — — — — — — 2380
913. Спогодба за промена на затечените цени за леан челичен гранулат — метални средства за чистење — — — — — — 2381
Назначувања и разрешувања — — — — — 2381
Одликувања — — — — — — — — — — 2381

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовић, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.